# „Не проколнувајте го! Се колнам во Аллах, јас знам дека тој Го сака Аллах и Неговиот пратеник.“

Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека во времето на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, имаше еден човек по име Абдулах, кого луѓето го викаа „Химар.“ Тој знаеше да го насмее Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, веќе го казнил со камшикување заради пиење вино. Еден ден повторно го доведоа кај него, па тој нареди да биде камшикуван. Тогаш еден човек од присутните рече: „Аллах да го проколне, колку многу пати го доведуваат за ова!“ Но, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Не проколнувајте го! Се колнам во Аллах, јас знам дека тој Го сака Аллах и Неговиот пратеник.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Во времето на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, живеел човек по име Абдулах, наречен „Химар“. Тој често со своите зборови знаел да го насмее Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, повеќе го камшикувал заради пиење вино, но еден ден повторно го доведоа поради истото, па Пратеникот нареди да биде камшикуван. Некој од присутните го навредил и рекол: „Аллах да го проколне, колку многу пати го доведуваат заради пиење вино!“ Но, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го спречи и рече: „Не правете дова против него да биде оддалечен од Аллаховата милост. Се колнам во Аллах, јас знам дека тој Го сака Аллах и Неговиот пратеник.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66214